# Здружение РАДКО - Охрид

ул. Галичица бр. 47, 2/4 6000 Охрид / GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com / Website: www.radkomk.com


---

До
УПРАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ул. Орце Николов б.б.,
1000 СКОПЈЕ

ТУЖИТЕЛ: Здружение РАДКО-Охрид, Претседател и Застапник Владимир Паунковски ул. Галичица бр. 47, 2/4 6000 Охрид.

ТУЖЕН: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ - СКОПЈЕ.

ПРЕДМЕТ: УПРАВЕН СПОР заради молчење - неизјаснување на второстепениот орган - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ – СКОПЈЕ.

Здружението РАДКО-Охрид врз основа на ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ (Сл.Весник на Р.Македонија бр.62 од 22.05.2006 година):
Член 3
(1) Право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.
Член 8
(3) Управен спор може да се поведе и кога надлежниот орган по барањето, односно по жалбата на странката не донел соодветен управен акт, под условите предвидени со овој закон.
Член 19
Управен спор се поведува со тужба.
Член 22
(1) Ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата.
ја поднесува следната

# Т У Ж Б А

Во 2 примерока
Со 6 прилози

против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ – СКОПЈЕ

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

01. Тужбата се поднесува заради молчење - неизјаснување на второстепениот орган - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ – СКОПЈЕ согласно член 22 становиште 1 од ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ.

02. Здружението РАДКО – Охрид незадоволно од РЕШЕНИЕТО на Централниот регистер на Република Македонија под деловоден број 30120110047571 од 07.10.2011г. (РЕШЕНИЕТО е примено по пошта на ден 12.10.2011г.), благовремено во законски рок од 15 дена поднесе ЖАЛБА преку Централен регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје до РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ – СКОПЈЕ на ден 18.10.2011 г. (Прилози кон ТУЖБАТА).

03. Здружението РАДКО – Охрид незадоволно од недонесувањето на РЕШЕНИЕ на второстепениот орган по однос на ЖАЛБАТА на здружението од 18.10.2011г. (деловоден број 30120110047571) поднесе ПОВТОРНО БАРАЊЕ преку Централен регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје до РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ – СКОПЈЕ на ден 04.01.2012 г. (Прилози кон ТУЖБАТА).

04. Бидејки и по предходно наведеното ПОВТОРНО БАРАЊЕ во рок од седум дена не е постапено по нашата ЖАЛБА ја поднесуваме оваа ТУЖБА.
Нашите аргументи остануваат исти како што е наведено во ЖАЛБАТА на здружението од 18.10.2011г. (Прилози кон ТУЖБАТА).

05. Заради предходно наведено на почитуваниот суд му предлагаме да донесе свое РЕШЕНИЕ со коешто ќе го усвои тужбеното барање на тужителот, констатирајќи дека условите за упис на здружението се исполнети, задолжувајќи го тужениот да побара упис на здружението од првостепениот орган - Централен регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје.

31.01.2012г.
Охрид

ПРЕТСЕДАТЕЛ и ЗАСТАПНИК
Владимир Паунковски
___________________________

Прилози кон ТУЖБАТА:
- Копија на ПОВТОРНОТО БАРАЊЕ на здружението 04.01.2012г. (деловоден број 30120110047571);
- Доказ - копија за праќането на ПОВТОРНОТО БАРАЊЕ на здружението од 04.01.2012г. преку БРЗА ПОШТА;
- Копија на ЖАЛБАТА на здружението од 18.10.2011г. (деловоден број 30120110047571);
- Доказ - копија за праќането на ЖАЛБАТА на здружението од 18.10.2011г. преку БРЗА ПОШТА;
- Доказ - копија за уплатен надоместок во износ 1.862,00 денари и
- Копија на УВЕРЕНИЕ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО на лицето Перица Аврамов.

**EMS АДРЕСНИЦА** EE1

**EMS БРЗА ПОШТА**

EE 009692737 MK

| Датум на отпрема | | | Време на отпрема | | Поштарина |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Месец | Ден | Час | Минути | |
| 12 | 01 | 30 | 13 | 30 | 200,00 |

**Испраќач**

Бр. На сметка:

Телефон:

Име и адреса на испраќачот:
Владимир Пајковски
Галичица 44 2/4
6000 Охрид

Потпис на испраќачот:

Назив на приемна пошта:

Поштенски број:

Број на парчиња во пратката: ☐

Вид на производ: ☐ Документ ☐ Стока

Начин на плаќање: ☐ Во готово ☐ По договор

Посебни ракувања: ☒ Со означена вредност ☐ Повратница ☐ Откупнина

Посебни упатства:

Вредност: 1.000,- ден

Тежина во кг.: 0,123

**Примач**

Број на сметка:

Телефон:

Име и адреса на примачот:
Управен суд на
Република Македонија
ул. Орце Николов б.б.
1000 Скопје

Контакт врска:

Одредишна пошта:

Поштенски број: 1000

Износ за отпрема:

Такса за преземање:

Вкупни давачки:

Известувања - забелешки:

Име на лице кое извршило достава:

Податоци за врачување: ☐ Доставено ☐ Прв обид за достава ☐ Втор обид за достава ☐ Оставено известие

Име и презиме на примачот:

Потпис на примачот:

Датум на врачување: Година | Месец | Ден

Време на врачување: Час | Минута